РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3712/7
20.09.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.09.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски (годишен одмор).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради образложување на Извештајот на работата на АВМУ за 2023 година, во Собранието на РСМ.**

**Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска го заменуваше директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска информира дека поради добиено Известување од Секторот за информатичка поддршка и општи работи, дека радиодифузерот ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево започнал со емитување на програма, односно отстранета е причината поради која е даден предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Точката бр.3 се повлече од Предлог-дневниот ред за 35та седница.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои коригираниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.08.2024 година.

2. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот КОМБО 2003 од Куманово.
4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Интернет конекција со хостирање на интернет сајтовите на Агенцијата.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Канцелариски материјали.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.08.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека потребата за измена на овој Правилник е произлезена од претпоследните измени на ЗААВМУ, односно со кои се наметна обврска и на давателите на ауди и аудиовизуелни медиумски услуги да обезбедат 30% од каталогот да бидат европски дела. Нацрт верзијата на овој Правилник Советот ја усвои на 12.06.2024 година. Согласно Законот распишана е јавна расправа во времетраење од 75 дена. Не се доставени никакви коментари и забелешки. Појасни дека во текот на јавната расправа Стручната служба увидела дека има потреба од една измена, и таа е единствената измена во однос на верзијата што ја усвои Советот на 12.06.2024 година.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување и дополнување на „Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти“ (Службен весник на РМ бр.180/14), со предложените измени.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на горенаведениот подзаконски акт.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот Правилник да го објави во “Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека се работи за редовен програмски надзор, кој е спроведен на 02 септември 2024 година , со кој е констатирано дека Друштвото за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 извоз-увоз ДОО Куманово реемитува два програмските сервиси, „Discovery“ и „Animal Planet“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио

и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со оглед на тоа дека претходно на овој оператор не му е изречена мерка, предлогот е да му се изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3682/1 од 05.09.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 извоз-увоз ДОО Куманово му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека на 33-та седница Советот донесе Одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, поради што следен чекор е да се пристапи кон бришење на овој радиодифузер од регистарот на радиодифузери.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е техничка операција што следи во процедурата на затварање на медиумот, и дека сепак се должни да отворат дискусија.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Интернет конекција со хостирање на интернет сајтовите на Агенцијата. Објасни дека станува збор за набавка која што е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата, а средствата се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за оваа година, а соодветно ќе бидат дообезбедени и

во следните две години 2025/2026г. бидејќи договорот што ќе се склучи по добивањето на оваа набавка ќе биде за временски период од 3 (три) години. Според проценетата вредност што е предвидена за оваа јавна набавка, истата ќе биде спроведена како набавка од мала вредност со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки за овој вид постапка. Сите други податоци се содржани во материјалите по точката

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Интернет конекција со хостирање на интернет сајтовите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Интернет конекција со хостирање на интернет сајтовите на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та и 2026-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Канцелариски материјали. Објасни дека спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: канцелариски материјали, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

Според проценетата вредност што е предвидена за оваа јавна набавка, истата ќе биде спроведена како набавка од мала вредност со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки за овој вид постапка. Сите други податоци се содржани во материјалите по точката.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**